РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 05.08.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5084/1 | 0 | |

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

1. Зоран Стојаковски
2. Весна Бенедевска
3. ПАВЛЕ АРСОСКИ
4. Данило Бишовски
5. Бобан Корогоровски

Бојан Стојаноски

Игор Здравковски

БИЛЈАНА КУЗМАНОСКА

АЛЕКСАНДАР ЈАМАНОВ

ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА,
по скратена постапка

Скопје, август 2026 година

**ВОВЕД**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за Царинската управа се уредуваат организацијата, делокругот на работа, начинот на вршење на работата и управувањето со Царинската управа, царинските надлежности, класификацијата на работните места и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците поврзани со работите на Царинската управа.

Царинската управа е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, со својство на правно лице.

Со Законот за Царинската управа се уредуваат постапката за избор и именување на директорот и заменикот на директорот, условите што треба да ги исполнуваат, нивната одговорност, како и престанокот на функцијата и нивното разрешување.

Со предложените измени и дополнувања на Законот за Царинската управа ќе се изврши усогласување со Законот за високи раководители, во делот на постапката за избор и именување, условите за именување, како и престанокот на функцијата и разрешувањето на директорот и заменикот на директорот на Царинската управа.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлог на законот се усогласува постапката за избор, условите за именување и престанокот и разрешувањето на директорот и заменик-директорот на Царинската управа со Законот за високи раководители.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на законот не предизвика финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и истиот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА
ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/10, 67/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 151/17, 120/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21 и 3/25), во член 6 ставот (3) се менува и гласи:

„Директорот и заменик-директорот се именуваат за мандат од четири години во постапка за именување согласно со Законот за високи раководители.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„За директор и заменик-директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за високи раководители.“

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) На директорот и заменик директорот мандатот му престанува со истек на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување на Законот за Царинската управа содржи два члена.

Со членот 1 се уредуваат постапката за селекција за именување, условите за именување и престанокот и разрешувањето од функцијата согласно со Законот за високи раководители.

Со членот 2 се уредуваат влегувањето во сила и почетокот на примената на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и претставуваат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија ќе се обезбеди усогласена и транспарентна постапка за избор и именување на директорот и заменикот на директорот на Царинската Управа, како и јасно и прецизно уредување на престанокот на нивната функција и нивното разрешување..

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 6

(1) Со работата на Царинската управа раководи директор кој го именува и го разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(2) Директорот на Царинската управа ( во натамошниот текст: директор) има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(3) Директорот и заменик-директорот се именуваат на предлог на министерот за финансии по спроведен јавен оглас за избор, објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и имаат мандат од четири години.

(4) Директорот и заменик директорот за својата работа и работата на Царинската управа лично е одговорен пред Владата на Република Северна Македонија и министерот за финансии.

(5) За директор и заменик-директор, може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование;

4) најмалку пет години работно искуство;

5) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - со најмалку 74 бодови,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бодови,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалкуниво Б2 (B2).